## Ризик од промена на девизните курсеви

**Показател:** **Валутен портфолио VaR (Value at Risk)**

| | |
|---|---|
| Датум | 30.06.2025 |
| Месечни промени на девизните курсеви | 10 годишна серија (2015-2025) |

| | | |
|---|---|---|
| Просечен принос | | 0.71% |
| Вкупно средства МКД | | 172,510,812,074 |
| Вкупно средства ЕУР | € | 2,805,053,855 |
| **Валутен VaR** | | **-2.49%** |
| VaR износ | **€** | **(69,763,733)** |

| Валутна изложеност на портфолио % | |
|---|---|
| MKD | 46.98% |
| EUR | 25.79% |
| USD | 27.08% |
| CHF | 0.15% |
| **Вкупно** | **100.00%** |

| | | |
|---|---|---|
| | | 858,401,255,000 ден |
| Банкарски сектор | € | 13,957,743,984 |
| Процент од банкарски сектор | | 0.4998% |







**Ризик во однос на средствата во банкарскиот сектор:**

Системскиот ризик дека средствата на пензиските фондови би имале влијание на финансиската стабилност на државата имајќи ги во предвид валутниот ризик покажува мало влијание во однос на средствата во банкарскиот сектор во државата. Пресметката на валутниот портфолио VaR покажува дека негативните историски варијации на курсните разлики немаат голема вредност. Споредено со претходната пресметка од 31.12.2024 година,  Валутниот портфолио VaR заклучно со 30.06.2025 година  покажува благо покачување на овој ризик и влијае на мало зголемување на приносот како резултат на валутните промени.

**Методологија и податоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои индикатор валутен портфолио VaR на задолжителните пензиски фондови кој се пресметува така што со секоја следна пресметка се зголемува серијата на историски податоци за промена на девизните курсеви на сите валути во кои пензиските фондови од вториот столб имаат инвестирано и се споредува со средствата во банкарскиот сектор. При првата пресметка и објава на податоците земена е 10 годишна серија на промени на девизните курсеви. Овој индикатор ја прикажува месечната промена на девизните курсеви, ги одразува пазарните движења на истите и ефектот кој го имаат промените врз портфолијата на задолжителните пензиски фондови.
Врз основа на пресметаната вредност на валутниот портфолио VaR може да се утврди дека, земајќи 95% веројатност, со негативни варијации на девизните курсеви може да се очекува максимална загуба на вредноста на портфолиото која има ниска вредност, односно претставува мал процент од средствата во банкарскиот сектор и низок ризик за финансиската стабилост на државата.